РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
Уп1 бр.11-155 од 10.08.2018
Гевгелија

Врз основа на член 141 од Законот за животна средина ( Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) и на член 205 од Законот за општа управна постапка ( Сл. Весник на РМ бр. 38/05) општина Гевгелија го донесува следново:

## РЕШЕНИЕ

На Друштвото ДПТУГ Пелагонија Тириц ДООЕЛ увоз-извоз – Бетонска база ул. Борис Кидрич бб. Гевгелија, му се издава Б-Дозвола за усогласување со оперативен план.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ДПТУГ Пелагонија Тириц ДООЕЛ увоз-извоз – Бетонска база на ден 17.05.2018 година до општина Гевгелија поднесе барање Уп.1 бр.11-155 од истиот датум. По разгледувањето на поднесеното Барање и пропратна документација, Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при општина Гевгелија констатира одредени недостатоци па со допис Уп1 бр.11-155 од 02.06.2018 побара дополнување на Барањето.

Овластениот инспектор за животна средина при општина Гевгелија направи увид во инсталацијата на ДПТУГ Пелагонија Тириц ДООЕЛ увоз-извоз – Бетонска база при што е составен Записник за констатација Ип1 бр. 16-96 од 09.07.2018 година и изготвен Заклучок Ип1 бр. 16-96 од 09.07.2018 година.

Процедурата за преговарање и постигнување согласност за содржината на Оперативниот план е извршена на 25.07.2018 година и за истата е составен Записник Уп1 бр. 11-155 и изготвен Заклучок Уп1 бр. 11-155 од 25.07.2018 год.

По завршувањето на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од член 141 од Законот за животна средина ( Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) општина Гевгелија донесе одлука како во диспозитивот на оваа Решение.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на издавање на решението.

Жалбата подлежи на административна такса од 250 ден.

Доставено до:
- архива
- ДПТУГ Пелагонија Тириц ДООЕЛ увоз-извоз
  Бетонска база Гевгелија

Градоначалник на
општина Гевгелија
М-р Сашо Поцков